Врз основа на член 20 став (5) од Законот за ревизија (“Службен Весник на Република Македонија” бр. 158/2010, 135/2011, 188/2013, 43/2014, 138/2014, 145/2015, 192/2015, 23/2016 и 83/2018), Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија на седница одржана на 14.09.2018 година ја донесе следната

# ОДЛУКА
## за формата и содржината на образецот на писмената изјава за независност

1. Со Одлуката за формата и содржината на образецот на писмената изјава за независнот се пропишува формата и содржината на писмената изјава што согласно член 20 став 2 алинеја 5 од Законот за ревизија ја дава лицето кое спроведува контрола на квалитет.

2. Пред почетокот на контролата на квалитет лицето кое е вработено во Институтот и кое спроведува контрола на квалитет е должно да даде изјава во форма и содржина пропишана со Образецот – Писмена изјава за независност, составен дел на оваа Одлука.

3. Обврската за давање на писмената изјава согласно точка 2 од оваа Одлука се применува и за другите лица кои согласно Законот за ревизија учествуваат во контролата на квалитет, на пример проценител, домашен или странски експерт, или вработен во Стручната служба на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и истата ќе се објави на веб страницата на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија.

Број 02-310/1
Датум 17.09.2018

Совет за унапредување и надзор на ревизијата
на Република Македонија
Претседател
Премтим Исени

**Образец – Писмена изјава за независност**

## ПИСМЕНА ИЗЈАВА

Јас, долупотпишаниот: ______________________________

регистриран како овластен ревизор / вработен во Совет за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија / ангажиран проценител / ангажиран експет

Како овластен ревизор кој врши контрола на квалитет и вработен во Институтот / вработен во Совет за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија / ангажиран проценител / ангажиран експет, изјавувам дека делувам независно од .................. и проверив дека јас,

- не поседувам 3% или повеќе од акционерската или сопственичката главнина на субјектот кај кој се врши контролата;
- не сум акционер, вложувач на средства или основач на друштвото за ревизија кое е субјект на контролата;
- не сум бил законски застапник, член на орган на управување, односно надзор на субјектот на контролатаниту пак сум учествувал во водењето на неговите деловни книги и изготвувањето на финансиските и даночните извештаи во периодот за кој се врши контролата;
- не сум во брачна врска, директно сродство или индиректно сродство до второ колено, ниту пак сум поврзан со посвојување, старателство или туторство со овластениот застапник или членот на органот на управување и надзор на субјектот кај кој се врши контролата;
- не сум партнер, вработен или службеник на субјектот кај кој се врши контролата;
- немам директна или индиректна деловна врска ниту финансиски интерес во обезбедување на неревизорски услуги кај субјектот кај кој се врши контролата

Воедно, изјавувам дека не ги обезбедувам следните услуги за субјектот на контрола:

- сметководствени или други услуги поврзани со сметководствената евиденција, годишните сметки или годишните консолидирани сметки на субјектот кај кој се врши контролата;
- изготвување и имплементација на финансиски информациски системи;
- услуги на внатрешна ревизија како надворешен изведувач;
- учество во економски интерес, директно или индиректно, во субјект или каков било поврзан субјект за кој тој бил ангажиран да врши надворешна ревизија;
- процена за цели на финансиско известување и
- други активности пропишани со актите на Институтот.

Понатаму, Јас се обврзувам

- да ги откријам пред Институтот / Советот сите факти кои би можеле да ја нарушат мојата независност,

- да избегнувам секаква ситуација која би можела да ја наруши мојата независност или појавата на мојата независност,
- да го засновам моето мислење и одлуки врз објективна анализа на податоците и информациите и да избегнувам секаква ситуација која би ја нарушила мојата непристрасност,
- да не чувам информации или документација за ревизорското друштво или ангажманите врз основа на проверката на контролата на квалитетот.

Датум

____________________

Потпис

____________________